**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.10.2018 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Асаф Адеми, министер за култура, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, д-р Стево Пендаровски, Национален координатор за подготовка на Македонија за членство во НАТО и нотарот Златко Николовски.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членот на Владата на Република Македонија Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 89-та седница на Владата, одржана на 18.9.2018 година

- Усвојување на Записникот од 92-та седница на Владата, одржана на 8.10.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за Програмите на Унијата за 2017 година

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

  - Информација за одржана Мисија во областа на човекови права, со фокус на антидискриминација и условите во затворите, одржана во периодот 1-3 октомври 2018 година во Скопје

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

  - Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147, со усогласен текст на Спогодба

  - Информација за поднесување на апликација за инвестициски грант за проектот „Проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец - Граничен премин Блаце“, во рамки на 4-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)

- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

  - Информација за елементите од пристапните разговори кон кои Република Македонија треба да се асоцира за време на нивното одржување на 18.10 - 19.10.2018 година, во седиштето на НАТО во Брисел, заедно со Информација за формирање на Работен комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО

- Статус на реализација на Рамковниот договор

  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Информација во врска со потребата од активности за успешна реализација на Проектот Ф/П 1674(2009) за домување на социјално ранливи групи

2. Информација за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки

3. Информација за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Грција

4. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

5. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „ДУРА АУТОМОТИВЕ“ ДООЕЛ Скопје

6. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила „ОДВ-Електрик“ ДООЕЛ с.Мислешево Струга

7. Информација за Предлог Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-288/1 од 09.02.2018 година, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги „Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери“ ДООЕЛ Илинден и Компанија „Џагатај Кабло Санаји Ве Тиџарет“ А.Д.

8. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

9. Информација за можностите за воведување на кредитен производ за директна поддршка на кредитокорисници во рамките на Посебниот кредитен фонд (ПКФ)

10. Информација за декларацијата за посветеност кон доверба во официјалната статистика

11. Информација за состојбата со имотот распределен после завршување на стечајните постапки, со Табеларен преглед на недвижен и движен имот добиен од стечајни постапки

12. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (У.Бр. 504/18)

13. Финансиски извештај и Деловен извештај за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017 година на фондацијата од јавен интерес - Пексим Фондација

14. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Кратово, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

15. Информација за потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување на Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Штип, со Предлог-закон

16. Информација за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за изградба на водоводна мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел

17. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Шпаркасе Банка“ АД Скопје за финансирање на малата хидроелектрична централа на концесионерот „ЕНЕРГОРЕМОНТ-МЗТ-ХЕРЦ“ ДОО Битола

18. Информација во врска со потпишување на Анекси на Договорите за концесија за склучување на предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Стопанска банка“ АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот „ВАРДАР ХИДРО“ ДОО

19. Информација за текот на преговори за пристапување кон спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

20. Информација за Втора ревизија за преиспитување на трговската политика на Република Македонија согласно Механизмот на Светската трговска организација

21. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце

22. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип

23. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - габро и серпентин на локалитетот “Богословец“ Општина Свети Николе, со Предлог-одлуки

24. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2018 (Службен весник на Република Македонија бр. 55/18), со Предлог-одлука

25. Информација за статусот на постапката за донесување на Методологија за утврдување на надоместок согласно Законот за водостопанство, со Предлог-методологија

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Трстеник за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Трстеник, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Челопек- вон г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Идризово, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат КО Градовци, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

31. Информација со образложен предлог за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 24 мали хидроелектрични централи, со Предлог-одлука

32. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање и соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Тетра Тек ЕЦ Инц. Арлингтон, САД и Друштво за консултантски услуги „АЦТ!“ ДОО Скопје

33. Информација во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (март 2018 - октомври 2018)

34. Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција

35. Информација за предлог Анекс кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп-корисник Технолошко-индустриска развојна зона, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

36. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Австриската Сојузна Влада за размена и заемна заштита на класифицирани информации

37. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма, со Предлог-одлука

38. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Соња Талевска и Татјана Трпчевска против РМ, А.бр.11828/16

39. Информација за одржан четиринаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу РМ и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 28 ноември 2017 година, во Скопје

40. Информација за одржаниот дванаесетти состанок и подготовка на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 18 и 19 октомври 2018 година во Брисел

41. Предлог стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020

42. Информација за потребата од подготовка за измени и дополнувања на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и/или други соодветни закони

43. Информација за подготовка за измена и дополнување на Законот за девизно работење

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

44. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за мрежата на здравствени установи

45. Предлог-програма за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствени установи 2015-2018

46. Информација во врска со Акциски план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) 2018- 2023, со Акциски план

47. Информација за меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и Швајцарија претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија за реализација на проектот Образование за вработување во Македонија (Е4Е@мк) Фаза I (01.03.2018-28.02.2022)

48. Информација за потребата од изработка на Национална стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

49. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Конче

50. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп и склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХЕ ТОПОЛКИ“ ДОО Скопје

51. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп и склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХЕ ТОПОЛКИ“ ДОО Скопје

52. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Лепа Страна“, с. Сарамзалино, Општина Лозово

53. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Метленик“, Општина Босилово

**б) Политички систем**

54. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Воспитно-поправен дом „Тетово“

55. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи

56. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (КП бр.10337)

57. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (КП бр.10248)

58. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (КП бр.10236)

59. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (КП бр.10240)

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

60. Предлог-одлука за висината на надоместокот на претседателот и членовите за работата во Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

61. Барање за давање на автентично толкување на членот 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа и прецизирање на Барањето, поднесено од претседателот на Советот на Општина Карпош

62. Барање за давање на автентично толкување на членот 96-к став 1 од Кривичниот законик, поднесено од пратеникот Зекир Рамчиловиќ

63. Барање за давање на автентично толкување на член 25 став 1 од Законот за катастар на недвижности, поднесено од пратеникот Јован Митрески

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

64. Иницијатива поднесена од Елена Крстаноска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.98/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2016)

65. Иницијатива поднесена од Александра Илиева Милчова адвокатка од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.94/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Член 8 став 1 во делот: „исплата на плати од дневен пазар“ и став 2 во делот: „преку трансакциска сметка“ од Законот за исплата на платите во Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1994, 62/1995, 33/1997, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/20058, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 147/2015).

66. Понуда од нотарот Ирфан Јонузовски од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр.361 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец на КП БР.1652

67. Понуда од нотарот Ристо Самарџиев од Кавадарци за купопродажба на недвижен имот во Кавадарци со Имотен лист бр.359 за КО Сирково на КП бр.679

**д) Други предлози**

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

70. Информација за финансирање на изградбата на парк на ветерни електрани Миравци, со инсталирана моќност од 14 MW

71. Извештај за работењето на ЈП Стрежево Битола, во период од 1.4.2018 до 30.6.2018

72. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1. 4. до 30.6.2018 година

73. Тримесечен финансиски извештај на ЈП “Агро Берза“ Скопје за период јануари-март 2018 година

74. Тримесечен финансиски извештаја ЈП “Агро Берза“ Скопје за период април-јуни 2018 година

75. Шестмесечен извештај за работа на директорот на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период 1.1.2018- 30.6.2018 година

76. Информација за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“- сите пет циклуси на посети на компании

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

77. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

78. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

79. Информација за подготовка на Република Македонија во однос на последиците од БРЕГЗИТ со фокус на трговските и економските односи, на билатерално и мултилатерално ниво, и на ниво на Европска унија

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје Јасен - Скопје

81. Информација за барање одобрение од Владата на Република Македонија за промена на динамиката на реализација и/или плаќање на обврските од склучените договори за вршење стручно-технички надзор при изведба на градежни работи за рехабилитација на 13 (тринаесет) училишта во Република Македонија за Дел 1,4,5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 по оглас за јавна набавка бр.40/2017

82. Предлог-одлука за доделување на средства за тековно работење на Државниот студенски дом „Пелагонија“ - Скопје

83. Предлог-одлука за доделување на средства за тековно работење на Државниот студенски дом „Скопје“ - Скопје

84. Информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за државните награди

85. Информација во врска со реализацијата на Проектот Изградба на културно-образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

86. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 312, 315, 316 и 317 на река Врановска и река Тополка на Концесионерот МХЕ „ТОПОЛКИ“ ДОО Скопје

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 89-та и 92-та седница на Владата, одржани на 18.9.2018 и 8.10.2018 година.

*

*    *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за Програмите на Унијата за 2017 година**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година, за наредната седница на Владата.

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  **- Информација за одржана Мисија во областа на човекови права, со фокус на антидискриминација и условите во затворите, одржана во периодот 1-3 октомври 2018 година во Скопје**

Владата ја разгледа Информацијата за одржана Мисија во областа на човекови права, со фокус на антидискриминација и условите во затворите, одржана во периодот 1-3 октомври 2018 година во Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите и Министерството за труд и социјална политика, да ги земат предвид заклучните согледувања од состаноците и да подготват ставови кои ќе се презентираат на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, кој ќе се одржи во периодот 18-19.10.2018 година, во Брисел.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

  **- Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147, со усогласен текст на Спогодба**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147, со усогласен текст на Спогодба и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку -гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147.

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку -гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147.

3. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помегу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку -гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147, по пат на Писмо замена за потпис.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - 2017/038-147, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

5. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, како оперативна структура за ИПА 2 Програмата за преку -гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Косово, во координација со Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на Европската Унија во Скопје да спроведе консултации со Министерството за европска интеграција на Република Косово во насока на дефинирање на предлог за стратешки проект кој би се финансирал во рамки на оваа програма со финансиските алокации 2016 - 2020, кој ќе се однесува на изградба на граничен премин Република Македонија и Република Косово и дел од автопатот помеѓу двете граници.

**- Информација за поднесување на апликација за инвестициски грант за проектот „Проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец - Граничен премин Блаце“, во рамки на 4-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)**

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување на апликација за инвестициски грант за проектот „Проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец - Граничен премин Блаце“, во рамки на 4-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да ја достави најавата за предметната апликација до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31.10.2018 година.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да ја подготви апликацијата за Инвестициски грант за проектот „Проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец - Граничен премин Блаце“ и да ја достави на мислење до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 20.11.2018 година.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски да ја достави предметната апликација до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.11.2018 година.

4. Се задолжува НИПАК/Секретаријатот за европски прашања да ја поднесе апликацијата за инвестициски грант за проектот „Проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец - Граничен премин Блаце“, во рамки на 4-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), најдоцна до 30.11.2018 година.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

  **- Информација за елементите од пристапните разговори кон кои Република Македонија треба да се асоцира за време на нивното одржување на 18.10 - 19.10.2018 година, во седиштето на НАТО во Брисел, заедно со Информација за формирање на Работен комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО**

Владата ја разгледа Информацијата за елементите од пристапните разговори кон кои Република Македонија треба да се асоцира за време на нивното одржување на 18.10 - 19.10.2018 година, во седиштето на НАТО во Брисел, заедно со Информацијата за формирање на Работен комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за елементите од пристапните разговори кон кои Република Македонија треба да се асоцира за време на нивното одржување на 18-19.10.2018 година, во седиштето на НАТО во Брисел.

2. Ја усвои Информацијата за формирање на Работен комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО.

3. Се задолжуваат членовите на Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО, да ги спроведат пристапните разговори кон кои Република Македонија треба да се асоцира за време на нивното одржување на 18 и 19 октомври 2018 година, во седиштето на НАТО во Брисел.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од активности за успешна реализација на проектот „Ф/П 1674 (2009) за домување на социјално ранливи групи“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општината Куманово, Општината Тетово и Општината Шуто Оризари да предложат нови локации во сопственост на Република Македонија, со намена за домување, во рок од 7 (седум) дена, а заради успешна реализација на проектот „Ф/П 1674(2009) за домување на социјално ранливи групи“.

2. Се препорачува на Општината Куманово, Општината Тетово и Општината Шуто Оризари да достават нов Извод од Детален урбанистички план со предвидените нови локации од точка 1 на овој заклучок до АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во рок од 7 (седум) дена.

3. Се укажува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во рок од 20 дена, да ја информира Владата за статусот на Проектот, со приложување на соодветен план за имплементација на проектот.

Истовремено, Владата заклучи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да ги има предвид мислењата на:

- Министерството за финансии, со укажувања дека АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да ги интензивира активностите опфатени со проектот, со оглед дека во изминатиот период од 8,5 години од износот на заемот повлечени се само 60% од вкупниот износ на истиот, како и да пристапи кон подготовка на план за имплементација на проектот во кој ќе наведе временска рамка која ќе вклучува преглед на средства по активности и извори на средства (заем и буџетско учество) и

- Министерството на труд и социјална политика, со укажување дека Министерството на труд и социјална политика има потреба од социјални станови за обезбедување на услови за згрижување, помош и поддршка на лица од ранливи групи за успешно спроведување на процесот на деинституционализација во системот за социјална заштита, при што АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и Министерството за транспорт и врски да го имаат предвид при изготвување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, со дополнителни материјали и предлог-одлуки (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

2. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2017 година, во предложениот текст.

3. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2017 година, во предложениот текст.

4. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2017 година, во предложениот текст.

5. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2017 година (Александра Маројевиќ - независен неизвршен член и претседател на Одборот на директори), во предложениот текст.

6. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2017 година (Дејан Цветаноски - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

7. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2017 година (Благојче Котески - извршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

8. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2018 година, во предложениот текст.

9. Владата во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје ја донесе Одлуката за изменување на Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Грција (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со МЕР АД Скопје, официјално да се обрати до Европската инвестициона банка со барање за обезбедување на средства за финансирање во вид на заем обезбеден со државна гаранција на Проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Грција и притоа да се побара банката да ја разгледа можноста проектот да се реализира како една Програма во пакет со изградбата на магистралниот гасоводен прстен во Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со МЕР АД Скопје, доколку Европската инвестициона банка не го прифати предлогот за реализација на една Програма, да ја разгледаат можноста остатокот од средствата во износ од 15 милиони евра да се обезбедат преку нов заем од Европската банка за обнова и развој, обезбеден со државна гаранција, и по донесување на одлуката за финансирање повратно да ја известат Владата.

3. Се укажува на МЕР АД Скопје, најдоцна до 28.11.2018 година, да подготви и достави апликација за инвестициски грант во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) за Проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Грција до Секретаријатот за европски прашања, со претходно обезбедени позитивни мислења од Министерството за финансии и Министерството за економија.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.11.2018 година, да ја достави апликацијата до WBIF за обезбедување на инвестициски грант во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - WBIF за Проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Грција.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве“ ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Дура аутомотиве“ ДООЕЛ Скопје - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила „ОДВ- Електрик“ ДООЕЛ с.Мислешево Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила „ОДВ - Електрик“ ДООЕЛ с.Мислешево Струга - корисник на Технолошка индустриска развојна зона „Струга“, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-анекс договор бр.1 за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Џагатај кабло отомотив електрик системлери“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Џагатај кабло отомотив електрик системлери“ ДООЕЛ Илинден и Компанијата „Џагатај Кабло Санаји Ве Тиџарет“ А.Д., бр.13-288/1 од 9.2.2018 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите за воведување на кредитен производ за директна поддршка на кредитокорисници во рамките на Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го утврди текстот на Анексот кон Договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд заведен кај налогодавецот под бр.51-422/1 од 21.1.2011 година и кај Македонската банка за поддршка на развојот АД под бр.21-307/1 од 24.1.2011 година.

2. Се овластува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, да го потпише Анексот кон Договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд заведен кај налогодавецот под бр.51-422/1 од 21.1.2011 година и кај Македонската банка за поддршка на развојот АД под бр.21-307/1 од 24.1.2011 година, склучен меѓу Владата на Република Македонија и Македонската банка за поддршка на развојот АД.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Декларацијата за посветеност кон доверба во официјалната статистика, со текст на Декларација, ја усвои Информацијата и ја прифати Декларацијата за посветеност кон доверба во официјалната статистика.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата со имотот распределен после завршување на стечајните постапки, со нов текст на Табеларен преглед на недвижен и движен имот добиен од стечајни постапки и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена да формира работна група во врска со утврдување на фактичката и правната состојба со имотот распределен по завршување на стечајните постапки, со претставници од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од три дена да номинираат претставници за работната група до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Работната група да го координираат процесот на упис и продажба на имот стекнат по основ на стечајни постапки.

4. Се задолжува Работната група по завршувањето на процесот на упис и продажба на имот стекнат по основ на стечајни постапки, во рок од седум дена да ја информира Владата.

5. Се укажува на управните одбори на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се задолжуваат директорите на Управата за имотно-правни работи и Управата за јавни приходи, да ја овластат институцијата што како стечаен доверител кој стекнал најголем дел од имотот, во нивно име и нивна сметка да ја изврши продажбата, како би се овозможило продажба на имотот во целина и по завршување на продажбата, институцијата што ја врши продажбата да ги распредели средствата добиени од продажбата сразмерно на уделот на секој поединечен стечаен доверител во чие име и за чија сметка ќе настапува во продажбата.

6. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, согласно договорените насоки од Работната група, да поднесат барање до Бирото за судски вештачења за проценка на движниот и недвижниот имот.

7. Се задолжува Бирото за судски вештачења во најкраток можен рок по поднесеното Барање, да изврши процена на недвижниот и движниот имот, а трошоците да ги платат сите институции сразмерно на уделите.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ги разгледа и усвои Финансискиот и Деловниот извештај за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017 година на Фондацијата од јавен интерес - Пексим Фондација.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Кратово, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Кратово, со укажување:

- нафтените деривати кои се отстапуваат, Општина Кратово да ги преземе од Град Скопје (од позајмените/издадени 2.160.000 литри Еуродизел БС на Град Скопје за потребите на ЈСП, што Градот треба да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Општина Кратово.

* * *

Заклучокот е променет на 98-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 30.10.2018 година, Точка 48, Прашања и предлози.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, заради склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци-Свети Николе-Штип, со текст на Анекс бр.2 кон Договорот и Предлог-закон и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Суза Симоновска, раководителка на сектор во Министерството за транспорт и врски.

2. Го прифати текстот на Анексот бр.2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Штип помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и „Sinohydro Corporation Limited“.

3. Се овластуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економски ресори, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр.2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци-Штип бр.08-9013/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и „Sinohydro Corporation Limited“, по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/13, 134/17, 64/18 и 168/18) и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за изградба на водоводна мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за изградба на водоводна мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата во износ од 84.240.000,00 денари за реализација на проектот „Изградба на водоводна мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел“ да ги вклучи во буџетските барања за 2019 и 2020 година на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Шпаркасе банка“ АД Скопје за финансирање на малата хидроелектрична централа на концесионерот „Енергоремонт - МЗТ - Херц“ ДОО Битола, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на директниот Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе Банка АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од „Шпаркасе Банка“ АД Скопје според договорот за деловна соработка кој што „Шпаркасе Банка“ АД Скопје го има склучено со „Енергоремонт - МЗТ - Херц“ ДОО Битола.

2. Го овласти м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Македонија да го потпише директниот Договор од точка еден од овие заклучоци, помеѓу Владата на Република Македонија и „Шпаркасе Банка“ АД Скопје, во врска со финансирањето на малите хидроелектрични централи на концесионерот „Енергоремонт - МЗТ -Херц“ ДОО Битола.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување на анекси на договорите за концесија за склучување на предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Стопанска банка“ АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот Вардар хидро ДОО Скопје, со текст на Директен договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го усвои текстот на Директниот договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Стопанска банка“ АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од „Стопанска банка“ АД Скопје според Договорот за финансирање кој што „Стопанска банка“ АД Скопје го има склучено со „Вардар хидро“ ДОО Скопје.

2. Се овластува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Анексот на договорите за концесија за локациите бр.30 Дупница, бр.325 Брегалница и бр.326 Љутачка река со Концесионерот „Вардар Хидро“ ДОО Скопје.

3. Се овластува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, во име на Владата на Република Македонија, по потпишување на Анексот од Заклучокот бр.2, да го потпише Директниот договор од точка 1 од овие заклучоци, помеѓу Владата на Република Македонија и „Стопанска банка“ АД Скопје во врска со финансирањето на малите хидроелектрични централи на концесионерот Вардар хидро ДОО Скопје.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија најдоцна до 15.2.2019 година до Владата да достави информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од седум дена до Владата да достави информација до каде е постапката за Government procurement agreement.

Исто така, Министерството за економија да го има предвид Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори кое укажува:

- во следните информирања, во материјалот да се наведат повеќе детали за текот на преговорите

- во иднина во работните групи од овој карактер покрај Министерството за економија како координатор на активностите поврзани со членство во Светската трговска организација да биде вклучен и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Втора ревизија за преиспитување на трговската политика на Република Македонија согласно Механизмот на Светската трговска организација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во рок од 15 дена да формира Координативно тело за преиспитување на трговската политика на Република Македонија, со цел за реализирање на обврските во врска со механизмот на СТО, а се однесува на одговор на прашањата што ќе бидат поставени од Секретаријатот на СТО и нејзините земји членки.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за култура, Министерството за финансии - Царинска управа, Државниот завод за статистика, Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот завод за заштита на индустриска сопственост, Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Агенцијата за лекови и медицински средства -МАЛМЕД, Бирото за метрологија и Агенцијата за стоковни резерви, а се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Институтот за акредитација на Република Македонија и Институтот за јавно здравје, во рок од 10 дена да номинираат по еден претставник (на експертско ниво) кои активно ќе учествуваат во Координативното тело за преиспитување на трговската политика на Република Македонија, согласно механизмот на СТО.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство во рок од три дена да достави мислење во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство, во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената иницијатива

за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - габро и серпентин на локалитетот „Богословец“ Општина Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2018 („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2018), со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 3/2018, објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2018.

2. Условно ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - песок и чакал на Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам Отљанац Звонко ДООЕЛ Куманово на локалитетот „Дрвен Мост“, с.Шупли Камен, Општина Куманово, доколку Министерството за финансии достави ново позитивно Мислење со кое ќе потврди дека Друштвото ги има платено јавните давачки кои ги управува Управата за јавни приходи.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за постапката за донесување на Методологија за утврдување на надоместок, согласно Законот за водостопанство, со текст на Методологија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Трстеник за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Трстеник, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Трстеник за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Трстеник, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Челопек- вон г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Челопек-вон г.р., Општина Брвеница, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Идризово, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Идризово, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат КО Градовци, Општина Зелениково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат КО Градовци, Општина Зелениково, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со образложен предлог за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 22 мали хидроелектрични централи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на

постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање и соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Тетра Тек ЕЦ Инц. Арлингтон, САД и Друштво за консултантски услуги „АЦТ!“ ДОО Скопје, со текст на Меморандум (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање и соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Тетра Тек ЕЦ Инц. Арлингтон, САД и Друштво за консултантски услуги „АЦТ!“ ДОО Скопје.

2. Се овластуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпишат новиот текст на Меморандумот за разбирање и соработка.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (за периодот март - октомври 2018 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како Назначен национален орган за Зелениот климатски фонд во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Царинската управа на Република Македонија и Управата за јавни приходи, до март 2019 година да го подготви одговорот по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд и истиот да го достави на разгледување до Владата, најдоцна до април 2019 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја информира Владата во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд најдоцна до 30.3.2019 година, а по потреба и порано.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, по изработка на проектната документација, а пред поднесувањето на апликација до Зелениот климатски фонд, да ја информира Владата и да предложи извор за финансирање за Предлог-проектот, за кој ќе се аплицира во Зелениот климатски фонд.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, доколку Владата заклучи еден од изворите за финансирање на Предлог-проектот да биде

со кредитно задолжување, да постапува согласно предвидената постапка пропишана со Законот за јавен долг.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската конвенција, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот на Република Македонија кон Секретаријатот на Бернската конвенција за Можниот случај бр.2015/2; Можни влијанија врз лилјаците на развојот на ветерниците во близина на село Богданци во Република Македонија, за периодот март 2018 - август 2018 година.

2. Го усвои Извештајот на Република Македонија кон Секретаријатот на Бернската конвенција за Отворениот случај бр.2013/1; Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија, за периодот март 2018 - август 2018 година.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, веднаш да го достави Извештајот на Република Македонија за Можниот случај бр.2015/2; Можни влијанија врз лилјаците на развојот на ветерниците во близина на село Богданци во Република Македонија, за периодот март 2018 - август 2018 година, до Секретаријатот на Бернската конвенција.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, веднаш да го достави Извештајот на Република Македонија кон Секретаријатот на Бернската конвенција за Отворениот случај бр.2013/1; Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија, за периодот март 2018 - август 2018 година, до Секретаријатот на Бернската конвенција.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог анекс кон Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко-индустриска развојна зона Прилеп, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анексот кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Австриската Сојузна Влада за размена и заемна заштита на класифицирани информации, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Стојан Славески, директор на Дирекција за безбедност на класифицирани информации и Наташа Дескоска, директорка во Министерството за надворешни работи.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, Соња Талевска и Татјана Трпческа против Република Македонија, А.бр.11828/16 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Соња Талевска и Татјана Трпческа против Република Македонија, А.бр. 11828/16.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на секоја од двете апликантки Соња Талевска и Татјана Трпческа, во случајот Соња Талевска и Татјана Трпческа против Република Македонија, А.бр. 11828/16 ќе им исплати износ од по 3.120 евра и на двете апликантки заеднички износ од 1.800 евра или вкупен износ од 8.040 евра (осум илјади и четириесет евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај апликантките во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Соња Талевска и Татјана Трпческа против Република Македонија, А.бр. 11828/16, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Четиринаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 28 ноември 2017 година, во Скопје, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука во координација со Бирото за развој на образованието да достави пишана информација за вкупниот број на наставници кои поминале обуки, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави пишана информација за бројот на деца кои не се вклучени во образованиот систем, како и мерките кои ќе се преземат за нивно вклучување, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука во координација со Центарот за стручно образование и обука, да достави пишана информација, до Секретаријатот за европски прашања за напредокот на реформите во стручно образование и обука, но со фокус на активностите за модуларизација на стручното образование и обука, како соодветните обуки за надградување на вештините и знаењата на наставниците во стручното образование и обука, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави пишана информација на статусот на подготовка на Стратегија за паметна специјализација, до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави пишана информација, за плановите за зголемување на процентот на буџетските средства кои се одделуваат за наука и истражување, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 декември 2018 година.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука да иницира консултации со Институтот за дефектологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за разгледување на можностите за осовременување на актуелниот назив, во насока на сензбилизирање согласно трендовите за промоција на инклузивноста и за тоа да го извести Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 декември 2018 година.

7. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација за активностите кои се преземаат за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за пределот, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

8. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација за мерките кои се планираат да се преземат по препораките на УНЕСКО за загрозената состојба на заштитениот статус на Охридското Езеро, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

9. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација за планирани мерки и соодветни буџетски средства за подготовка на содржини од културата на знаковен јазик и на Брајова азбука за лицата со посебни потреби за културни содржини, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

10. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Македонија да достави пишана информација за мерките кои се планираат да се преземат за зајакнување на кадровските

и човечките ресурси на Агенцијата, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

11. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја подготви и консултира со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, нацрт верзијата на стратегијата за деинституционализација на системот за социјална заштита (2008 - 2018), пред официјално усвојување и за тоа да го извести Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 декември 2018 година.

12. Се задолжува Државниот инспекторат за труд, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, да достави пишана информација за плановите за зајакнување на човечките капацитети на ДИТ, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

13. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за напредокот на активностите за целосна трансформација на институцијата за инвалидни лица со специјални потреби во Демир Капија и владината контрола врз оваа институција, како и плановите за подобрување на квалитетот на социјална заштита, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2018 година.

14. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за состојбата и идните планирани мерки во однос на пристапноста (или конкретно пристапните рампи) на лицата со попреченост, како и во таа насока, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

15. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација со податоци за бројот на вклучени деца со специјални потреби во предучилишно образование, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

16. Се задолжува Центарот за управување со кризи да продолжи со неопходните подготовки и активности со цел воведување на бројот за итни повици 112, и да достави пишана информација за напредокот постигнат по ова прашање, на англиски јазик, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 декември 2018 година.

17. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за статусот и плановите за подготовка на долгорочна стратегија за информатичко комуникациски технологии, вклучително и временска рамка за усвојување, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

18. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за статусот на подготовка на Националната стратегија за широкопојасен интернет 2019 - 2023, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

19. Се задолжува Министерството за информатичко општество да достави пишана информација за статусот на подготовка на стратегијата за сајбер безбедност, до

Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

20. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да достави информација за состојбата во однос на усогласување со Директивата (ЕУ) 2016/1148 на Европскиот парламент и на Советот, од јули 2016 година за мерките за високо заедничко ниво на сигурност на мрежи и информациски системи во Унијата, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018 година.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Дванаесетти состанок и подготовка на Тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 18 и 19 октомври 2018 година во Брисел, со прилози (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. За претседавач на Поткомитетот од македонска страна се определува Светлана Влаховиќ Димановска, началник на секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Прилог 3, да достават пишан материјал на македонски и англиски јазик од областите опфатени со Поткомитетот за правда и внатрешни работи до Секретаријатот за европски прашања, а согласно прашањата наведени во Прилог 2 од информацијата, најдоцна до 10 октомври 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда и внатрешни работи да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 12 октомври 2018година.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Прилог 3, да номинираат свои претставници за подготовка на Поткомитетот за правда и внатрешни работи до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 10 октомври 2018 година.

5. Се овластува претседавачот на Поткомитетот Светлана Влаховиќ Димановска, началник на секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 18-19 октомври 2018 година во Брисел.

## Точка 41

Владата ја разгледа и усвои Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план за спроведување на Стратегијата на

Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од подготовка за измени и дополнувања на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и/или други соодветни закони ја усвои и го задолжи Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство, Агенцијата за управување со одземен имот, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена до Владата да достават предлози за изменување и дополнување на соодветни закони, согласно насоките кои ќе бидат утврдени и дефинирани од страна на горе наведените институции.

**Точка 43**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за подготовка за измена и дополнување на Законот за девизно работење за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за мрежата на здравствени установи, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2015 - 2018), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Акциски план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) 2018 - 2023, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) 2018 - 2023.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија од денот на прифаќање на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против

насилството врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) 2018- 2023, да подготват оперативен план за спроведување на активности од овој акциски план кои се во нивна надлежност со буџет и временска рамка за 2019 година, истиот да го објават на своите веб - страници и за тоа да го информираат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена.

3. Се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заедницата на единиците на локалната самоуправа да подготват оперативен план за спроведување на активности од овој акциски план кои се во нивна надлежност со буџет и временска рамка за 2019 година, истиот да го објават на своите веб - страници и за тоа да го информираат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на останатите институции кои немаат статус на органи на државна управа, а кои имаат предвидено активности во Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) 2018-2023, средствата потребни за реализација на активностите да ги планираат во своите годишни буџети за тековните години согласно временската рамка.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и Швајцарија претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија за реализација на проектот-Образование за вработување во Македонија (E4E@mk) Фаза I, со усогласен текст на Меморандум (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и Швајцарија претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија за реализација на проектот-Образование за вработување во Македонија (E4E@mk) Фаза I.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Министерството за образование и наука и Швајцарија, претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија, за реализација на проектот-Образование за вработување во Македонија (E4E@mk) Фаза I.

3. Се овластува д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Министерството за образование и наука и Швајцарија, претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија, за реализација на проектот-Образование за вработување во Македонија (E4E@mk) Фаза I.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Агенцијата за млади и спорт, а се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија, во рок од 15 дена да достават номинации за членови во работните групи, како што се предвидени во точка 2 од овие заклучоци, до посебниот советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализмот и интеркултурните комуникации во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжува д-р Рубин Земон, посебен советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализмот и интер-културните комуникации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од 45 дена да формира работни групи по кластери за подготовка на Стратегијата за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам, кои ќе се поделени според следните дејности: 1) правна рамка, 2) образование, 3) култура, 4) медиуми, 5) локална самоуправа, 6) млади и 7) општествена кохезија и интеграција.

3. Се задолжува д-р Рубин Земон, посебен советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализмот и интер-културните комуникации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од шест месеци до Владата да предложи финансиска конструкција за сите неопходни активности во насока на обезбедување на финансиска помош за подготовка, имплементација и надзор на Стратегијата за развој на концептот на Едно општество и интеркултурализмот.

4. Се задолжува д-р Рубин Земон, посебен советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализмот и интер-културните комуникации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена до Владата да предложи состав на ад-хок координативна група составена од девет членови.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Конче, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши редакциско усогласување на текстот на Одлуката во соработка со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје, со заклучок Министерството за транспорт и врски текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен, согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Лепа Страна“, с. Сарамзалино, Општина Лозово, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Метленик“, Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Воспитно-поправен дом „Тетово“, и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот номотехнички да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија (КП бр.10240), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации, за наредната седница на Владата.

**Точка 61**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа и прецизирање на Барањето, поднесено од претседателот на Советот на Општина Карпош и притоа го утврди следново мислење:

Согласно Уставот на Република Македонија, Амандманот XVI „Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што треба да се има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија."

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/2002) во Главата III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ, во членот 21 став (1) утврдува дека „Општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за нивното вршење."

Во членот 22, став (1) од истиот закон е утврдена листа на работи за чие вршење се надлежни општините.

Согласно точка 1 од овој став, општините се надлежни за вршење на работите од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште.

Согласно ставот (2) од овој член „Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон."

Во членот 71 од Законот за локалната самоуправа е утврдена постапката пред Уставниот суд на Република Македонија доколку Советот на општината донесе пропис кој што не е во согласност со Уставот на Република Македонија и со закон.

Надлежноста на општините од областа на урбанистичкото планирање е утврдена во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 90/2017 и 64/2018). Со овој закон поконкретно се уредуваат условите и системот на просторно и урбанистичко планирање, видовите на планска документација и постапката за изработување и донесување на истата, како и други прашања од областа на просторното и урбанистичкото планирање.
Со Законот за просторно и урбанистичко планирање, во кој е предвидена надлежност на општината во областа на урбанистичкото планирање не е предвидена одредба со која Советот на општината може да донесе Одлука за запирање на спроведувањето на постоечки, донесени детални урбанистички планови, се до донесување на нови.

Имајќи го предвид наведеното, како и поставеноста на Законот за локалната самоуправа, како двотретински закон кој на системски начин ги уредува прашањата што се однесуваат на локалната самоуправа, Владата на Република Македонија смета дека членот 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа е во целост јасен и нема потреба од негово автентично толкување.

## <u>Точка 62</u>

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 96-к став (1) од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17), поднесено од пратеникот Зекир Рамчиловиќ и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е пропишано дека „Барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење." Во член 176 од наведениот деловник е утврдено дека барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа.

Барањето за давање на автентично толкување на закон, претседателот на Собранието го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. По барањето за давање на автентично толкување на закон, Законодавно-правната комисија може да бара мислење од матичното работно тело на Собранието. Законодавно-правната комисија, откако ќе прибави мислења од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието. По предлогот за автентично толкување на закон и евентуално по поднесени амандмани, Собранието расправа и одлучува на иста седница. Предлогот на автентичното толкување се усвојува со истото мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентичното толкување. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе извештај на Собранието, кое одлучува по барањето. За одлуката на Собранието се известува подносителот на барањето.

Подносителот на Барањето за автентично толкување наведува дека „при практична примена на одредбата на членот 96-к став (1) од Кривичниот законик, група на граѓани се судираат со потешкотии при имплементацијата на истата. Имено, заради обезбедување на правна сигурност на јавниот партнер кај договорите за јавно приватно партнерство и нивната натамошна реализација на договорот во интерес на јавниот партнер се поставува дилемата дали одредбата се применува и за случаите на незапишани права на сопственост во катастарската евиденција на јавниот и приватниот партнер, кога договорот за јавно приватно партнерство не е навремено исполнет.“ Понатаму, подносителот на Барањето за автентично толкување ја поставува дилемата „дали имотот наведен во листот за предбележување на градба на име на приватниот партнер кој е осуден и кој е страна во договорот за јавно приватно партнерство со општината, а не е негова сопственост, може да биде предмет на конфискација; како и дали јавниот партнер во случај на состојба на осуден приватен партнер има право да бара промена на страната на приватниот партнер согласно со друг закон (на пр. со член 42 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство).“.

Во член 96 - к, во ставот (1) од Кривичниот законик, за кој се бара автентичното толкување, е пропишано:

„Конфискација на имот и имотна корист и
одземање на предмети
Член 96-к

(1) За конфискацијата на имот и имотна корист прибавени со кривично дело на правно лице соодветно се применуваат одредбите од членовите 97 до 100 на овој законик.

(2) Ако од правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради тоа што престанало да постои пред извршување на конфискацијата, правниот следбеник односно следбеници, а ако не постојат правни следбеници, основачот или основачите на правното лице, односно акционерите или содружниците кај трговското друштво во случаите утврдени со закон, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист.

(3) За одземањето предмети од правното лице соодветно се применуваат одредбите од членот 101-а на овој законик.“.

Владата на Република Македонија смета дека одредбата од Кривичниот законик која се однесува на конфискацијата на имот и имотна корист прибавени со кривично дело од правно лице е јасна и недвосмислена, поради што нема потреба од давање автентично толкување по однос на истата.

## Точка 63

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25 став 1 од Законот за катастар на недвижности, поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е пропишано дека „Барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.“ Во член 176 од наведениот Деловник е утврдено дека барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа. Барањето за давање на автентично толкување на закон, претседателот на Собранието го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. По барањето за давање на автентично толкување на закон, Законодавно-правната комисија може да бара мислење од матичното работно тело на Собранието. Законодавно-правната комисија, откако ќе прибави мислења од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието. По предлогот за автентично толкување на закон и евентуално по поднесени амандмани, Собранието расправа и одлучува на иста седница. Предлогот на автентичното толкување се усвојува со истото мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентичното толкување. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе извештај на Собранието, кое одлучува по барањето. За одлуката на Собранието се известува подносителот на барањето.

Подносителот на Барањето за автентично толкување бара да се појасни дали лице со стекната лиценца за вештачење од областа на геодезија и вработен во Агенцијата за катастар на недвижности смее да врши вештачење при добивање наредби од судовите, бидејќи истото се наоѓа на листата во Регистарот за вештаци од областа на геодезијата. Имено, подносителот наведува „дали дејноста вештак би претставувала конфликт на интереси кога вработен во Агенцијата за катастар на недвижности ја врши истата по наредба на овластен суд и би претставувало спротивно постапување по член 25, ставот 1 од Законот за катастар на недвижности“.

Во член 25, ставот 1 од Законот за катастар на недвижности е пропишано дека „Вработениот во Агенцијата не смее да врши никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со извршувањето на неговите работни обврски“.

Владата на Република Македонија смета дека член 25, став 1 од Законот за катастар на недвижности е јасен, прецизен и недвосмислен, поради што нема потреба од давање автентично толкување по однос оваа одредба.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Елена Крстаноска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.98/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/16) и притоа го утврди следното мислење:

Во наводите на Иницијативата подносителот смета дека со оспорената одредба на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/16), според кој започнатите постапки за одобрување на субвенциониран станбен кредит до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон кој има поповолни услови за граѓаните во однос на претходното уредено решение во поглед на времетраењето на користењето на субвенционирањето за завршените постапки лицата баратели на субвенциониран станбен кредит за изградба и доградба на куќа кои биле и се уште се помлади од 35 години немаат право да ги користат поволностите од измените направени со овој закон.

На овој начин, според подносителот на Иницијативата, се врши дискриминација на лицата кои целосно ги исполнуваат условите предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/16) односно не се постари од 35 години и се веќе корисници на субвенциониран станбен кредит за изградба на куќа, при што наместо десет години да ја користат субвенцијата во однос на ратата за кредит истите од необјасниви причини се дискриминирани во однос на останатите граѓани, бидејќи субвенцијата ќе ја користат само 5 години затоа што за нив не важи измената на Законот.

Оттука, подносителот на Иницијативата смета дека законодавецот, согласно претходни решенија во претходни измени на Законот и во оваа измена требало да пропише одредба со која ќе се даде можност и на лицата за кои постапката е веќе завршена да можат да ги користат поволностите предвидени во предметниот закон за изменување и дополнување.

Имајќи го предвид претходно наведеното, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд да ја разгледа поднесената Иницијатива, да спроведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/16) и истиот да го поништи или укине како спротивен на член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а според став 2 од овој член, секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Во членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија" бр.6/16) е направено изменување на член 5 од постојниот закон во смисла дека во период од најмногу три години до денот на аплицирање за добивање на субвенциониран станбен кредит физичкото лице немало во сопственост ниту еден стан ниту една куќа на територија на Република Македонија, да има изјава заверена на нотар дека нема да го издава станот односно куќата под закуп, дека нема дополнително да ја оптоварува недвижноста со хипотека и дека нема да го отуѓи станот, односно куќата купена или изградена со средствата од субвенционираниот кредит во определени периоди, како и други поволности во случај кога продажбата на станот/куќата на барателот на субвенциониран станбен кредит е во тек, а барателот ги исполнува другите услови за добивање на истиот.

Во член 2 од истиот закон е направено изменување на член 9 од постојниот закон во смисла дека се предвидени одредби во кои се даваат поповолни услови за користење на субвенциониран станбен кредит од страна на физичко лице до и со наполнети 35 години возраст, односно физичко лице кое е во брачна заедница во која барем едниот брачен другар е на оваа возраст, како и поповолни услови во однос на времетраењето на отплатата на кредитот.

Согласно член 6 од истиот закон, започнатите постапки за одобрување на субвенциониран станбен кредит до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Оттука, по однос на оспорената одредба на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија" бр.6/16) се укажува дека со истата не се повредува одредбата на член 54 став 4 од Уставот на Република Македонија, за ретроактивно дејство во случаи поповолни за граѓаните, туку напротив се овозможува на лицата кои ги исполнуваат условите и кои веќе ја започнале постапката пред влегувањето во сила на овој закон истата да ја продолжат по поповолни услови од претходно утврдените. Во оваа смисла се укажува дека наводите во Иницијативата дека законодавецот требало да пропише одредба со која ќе се даде можност и на лицата за кои постапката е веќе завршена да можат да ги користат поволностите предвидени во предметниот закон не може да претставува основ за оценување на уставноста на оспорената одредба, со оглед дека пропишувањето на ваква одредба зависи од финансиската и економската политика на државата и нејзините можности. Ова дотолку повеќе што, со преодните одредби може да се уредуваат прашања со кои би се решил статусот на веќе започнати постапки поповолно за граѓаните како што е во конкретниот случај, а не за веќе завршени постапки.

Во оваа смисла се укажува дека за завршените постапки предметната измена на Законот, односно поповолните услови не би можеле да важат со оглед дека истите на некој начин

се res iudicata - веќе пресудена, односно завршена работа, односно постапка за која не би можело два пати да се одлучува согласно принципот од римското право ne bis in idem.

Воедно, доколку за завршени постапки во кои лицата веќе се корисници на субвенциониран станбен кредит би се промениле условите на тој начин би се загрозил принципот на правната сигурност за граѓаните, како и владеењето на правото.

При тоа, се укажува дека лицата за кои се завршени постапките веќе оствариле право односно се корисници на субвенциониран станбен кредит, поради што не се во нееднаква положба во однос на лицата чии постапки сеуште не се завршени и сеуште не оствариле право, а можеби нема ни да го остварат, без разлика што нивните услови би биле поповолни.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорената одредба на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/16) е во согласност со член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија и Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована.

## Точка 65

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1 во делот „исплата на плати од дневен пазар“ и став 2 во делот „преку трансакциска сметка“ од Законот за исплата на платите во Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во предметната Иницијатива е наведено дека се оспоруваат член 8 став 1 во делот „исплата на плати од дневен пазар“ и став 2 во делот „преку трансакциска сметка“ од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15) и дека истите не се во согласност со член 17, член 18, член 25, член 32 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Со оглед на тоа подносителот смета дека правото на заработувачка не смее да биде условено, туку е изворно право и доверлив договорен однос помеѓу работодавачот и работникот, во кој работникот со својот труд остварува заработувачка, која не смее да се условува со посредник - друго правно лице - банка, односно дека начинот на исплата на плата треба да биде избор на работникот, а не задолжителна обврска.

Во Иницијативата подносителот наведува дека секаде во европските земји и во Австралија е можна исплата на плата од заработен час, минута или ден, во готово или преку сметка во банка, како и дека одредбата со која се забранува исплата на плата од дневен пазар ја попречува слободата на пазарот и претприемништвото и дека исплатата на дневна основа и дневен пазар е право на работникот.

Подносителот на Иницијативата наведува дека со ограничувањето исплатата да биде преку трансакциска сметка се воведува монопол во корист на банките при исплата на трудот. Поради тоа бара укинување на оспорените одредби како неуставни.

Во член 105 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), е утврдено дека работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување. Согласно ставот (2) на истиот член, плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма. При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Според член 1 став (1) од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), со овој закон се уредува исплатата на платите и одделни надоместоци кај работодавачите со седиште во Република Македонија. Согласно ставот (2) на истиот член, одредбите на овој закон, не се однесуваат на правните лица кај кои повеќе од 51% од средствата се во приватна сопственост.

Согласно член 8 став 1 од истиот закон, се забранува исплата на плати од дневен пазар, како и исплата на плати и други надоместоци на плати во бонови и натура. Во ставот 2 на овој член е утврдено дека, платата на работниците правното лице ја исплатува исклучително во паричен износ преку трансакциска сметка.

Во член 10 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), е утврдено дека платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки, како и дека не е дозволено плаќање меѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциски сметки.

Согласно член 11 од Законот за платниот промет, носителот на платен промет ќе дозволи исплата на платата на учесникот во платниот систем само ако претходно за истата се платени данокот и придонесите.

Имено, главата VIII од Законот за работните односи носи наслов „ПЛАЌАЊЕ НА РАБОТАТА“, при што кај начинот, односно видот на исплата на плата е утврдено дека работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување, како и дека плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма.

Во Република Македонија постои посебен закон за оваа област - Законот за исплата на платите во Република Македонија. Според двата наведени закони плаќањето на работниците со бонови е нелегално по секој основ бидејќи се забранува исплата на плати од дневен пазар, како и исплата на плати и други надоместоци на плати во бонови и натура. Согласно Законот за исплата на платите во Република Македонија, правното лице ја исплатува платата на работниците ислучително во паричен износ, преку трансакциска сметка.

Следствено на наведеното, произлегува дека наведените законски одредби се меѓусебно комплементарни и истите се во согласност со Законот за платниот промет, со кој е уреден платниот промет во земјата.

Со ваквото законско решение се овозможува на работниците да им се исплати плата заедно со законски утврдените придонеси од задолжително социјално осигурување, со што ќе се обезбеди социјална сигурност на вработените, односно обезбедување на здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување во случај на невработеност.

Притоа, треба да се има предвид дека согласно Законот за работните односи, работниот однос се заснова со склучување на договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот, во кој треба да биде содржана и висината на основната плата, која се изразува во паричен износ и му припаѓа на работникот за вршење на работата според закон, колективен договор и договорот за вработување. Во спротивно, доколку се исплати плата од дневен пазар, или во натура, постои веројатност на работникот да не му се обезбеди соодветна законска социјална сигурност и заштита и исплата на плата која не би соодветствувала на реално остварената заработувачка.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија смета дека Иницијативата поднесена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр.94/2018 од адвокатот Александра Илиева Милчова, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Закон за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), е неоснована поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр.361 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП Бр.1652 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерство за транспорт и врски.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ристо Самарџиев од Кавадарци за купопродажба на недвижен имот во Кавадарци со Имотен лист бр.359 за КО Сирково на КП бр.679 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и мислењата од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 68

**1.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост-Неготино, ги отповика:

- Васко Стефанов и
- Марина Бојаџиева.

1.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост-Неготино, ги избра:

- Елена Данева и
- Трајче Крстевски.

**2.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“-Скопје во државна сопственост, ги отповика:

- Гоце Георгиевски од независен член и
- Марија Цветановска.

2.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“-Скопје во државна сопственост, ги избра:

- Ирма Јукиќ за независен член и
- Жарко Алексовски.

**3.** Владата ја отповика Јагода Јанковска од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

3.1. Владата го избра Александар Димитријоски за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

**4.** Владата го отповика Александар Лескаровски од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост.

4.1. Владата го избра Нермин Чолиќ за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост.

**5.** Владата од должноста член и вршител на должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, ги отповика:

- Гого Видимче од член и
- Оливер Божиновски од в.д. независен член.

5.1. Владата за членови на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, ги избра:

- Катерина Андонова за член и
- Милан Ќироски за независен член.

**6.** Владата го отповика Орце Стефанов од должноста член на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ-Велес.

6.1. Владата го избра Меџаит Муртезани за член на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ-Велес.

**7.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, ги разреши:

- Горан Георгиевски,
- Вангел Андрески и
- Миланчо Успрцов.

7.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, ги именува:

- Тони Демјанов,
- Љупка Стојановска и
- Андријана Мулачка.

**8.** Владата ја разреши Пројка Станоевска од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

8.1. Владата ја именува Мирјана Донева за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

**9.** Владата го разреши Никола Поповски од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија.

9.1. Владата го именува Бојан Блажевски за член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија.

**10.** Владата го разреши Николче Вељановски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

10.1. Владата го именува Илијаз Синаноски за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

**11.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" - Скопје, ги разреши:

- Гордана Стојановска,
- Марјанчо Јорданов и
- Стојанче Кировски.

11.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" - Скопје, ги именува:

- Борче Ацовски,
- Бојана Ацевска и
- Гоце Нацев.

**12.** Владата го разреши Оливер Илиевски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје.

12.1. Владата го именува Борче Ванчев за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О. Скопје.

**13.** Владата ја именува Розе Младеновска за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О. Скопје.

**14.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје, ги разреши:

- Живка Ѓуфтева и
- Јасмина Пакашка.

14.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје, ги именува:

- Наташа Стојчевска и
- Галаб Мартиновски.

**15.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје, ги разреши:

- Тања Илиоска и
- Сашко Наумов.

15.1. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје, ги именува:

- Тања Димитрова и
- Лидија Митревска.

**16.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"- Пробиштип, ги разреши:

- Билјана Казанџиска и
- Драгица Лазаревска.

16.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"- Пробиштип, ги именува:

- Анка Тодосиева и
- Дарко Марковски.

**17.** Владата ја разреши Љупка Јаневска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" - Пробиштип.

17.1. Владата го именува Панче Стоименовски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" - Пробиштип.

**18.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за државни патишта, ги разреши:

- Методија Тасевски и
- Љупка Цикарска.

18.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за државни патишта, ги именува:

- Аземина Уцкан и
- Драган Георгиев.

**19.** Владата ја разреши Даниела Велковска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

19.1. Владата го именува Игор Ѓоргиевски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

**20.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица'' - Кичево, ги разреши:

- Оливер Несторовски и
- Роберт Наумовски.

20.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица'' - Кичево, ги именува:

- Стојан Мицкоски и
- Марјана Андриеска.

**21.** Владата го разреши Ристе Самарџиев од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес.

21.1. Владата го именува Гоце Трајковски за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес.

**22.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, ги разреши:

- Горан Козаров и
- Соња Карапец.

22.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, ги именува:

- Сребре Нечовски и
- Петар Павловски.

**23.** Владата го разреши Мирослав Лукиќ од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола.

23.1. Владата го именува Александар Најдовски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола.

**24.** Владата го разреши Васил Коцев од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

24.1. Владата ја именува Зорица Мартиновска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

**25.** Владата го разреши Октај Максутов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје.

25.1. Владата ја именува Алмедина Шаќири за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје.

**26.** Владата ја разреши Билјана Додева од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

26.1. Владата го именува Стојанче Младеновски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

**27.** Владата ја разреши Ангелина Бачановиќ од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија-Скопје.

27.1. Владата ја именува Марјана Ристеска Божиноски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија-Скопје.

**28.** Владата ја разреши Снежана Георѓиева од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје.

28.1. Владата ја именува Рашела Ристовска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје.

**29.** Владата го разреши Александар Гулевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Велес.

29.1. Владата го именува Александар Синишиќ за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Велес.

**30.** Владата ја разреши Иванка Стојановска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје.

30.1. Владата го именува Александар Трајковски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје.

**31.** Владата го разреши Стојанче Геровски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле“-Скопје.

31.1. Владата го именува Мемет Жаку за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле“-Скопје.

**32.** Владата донесе Решение за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на албанците бр. 0201-316/2 од 24 август 2018 година, со која за директор на Институтот е избран д-р Скендер Асани, научен советник.

**33.** Владата го разреши Влатко Илијевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово.

33.1. Владата ја именува Марија Наџинска за член на Управниот одбор-претставник на Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово.

**34.** Владата го именува Роберт Марков за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

**35.** Владата ја разреши Гордана Удовалиева од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

35.1. Владата ја именува Милица Стојанова за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

**36.** Владата им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци, поради спојување на ЈЗУ Општа болница Кавадарци и ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци и тоа на:

- Димитар Алексов,
- Цветанка Делова и
- Родна Цуцулова.

**37.** Владата им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница Кавадарци, поради спојување на ЈЗУ Општа болница Кавадарци и ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци и тоа на:

- Горан Белевски,
- Лазар Грков и
- Вуке Мелов.

**38.** Владата го разреши Шофкет Хазари од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

38.1. Владата ја именува Лиридона Беќири Лимани за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

**39.** Владата ја разреши Даниела Рендеска од должноста член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национлен парк Галичица, Охрид, на нејзино барање.

**40.** Владата го разреши Влатко Бислимовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**41.** Владата го разреши Владимир Бислимовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје.

**42.** Владата ја разреши Иванка Митевска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, на нејзино барање.

**43.** Владата го разреши Бурим Максути од должноста заменик на директорот на КПУ Воспитно поправен дом-Тетово, на негово барање.

**44.** Владата го разреши Александар Јаневски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, на негово барање.

**45.** Владата ја именува Тања Чачарова-Илиевска за член на Комисијата за жалби.

**46.** Владата за членови на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, ги именува:

претставници од Министерството за здравство
- Ангелина Бачановиќ и
- Весна Настеска- Недановска

претставник од Министерството за финансии
- Љубица Јовческа

претставници од Агенцијата за лекови и медицински средства
- Мерјем Хаџихамза и
- Марија Трајчулески

претставници од Фондот за здравствено осигурување на Македонија
- Кристина Христова и
- Бљерина Туши

четири стручни лица од различни области на медицината, фармацијата, економијата или правото
- Дејан Докиќ

- Зорица Наумовска
- Леонид Наков и
- Неда Здравева.

**Точка 69**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 1.10.2018 година до 7.10.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Имајќи го предвид Заклучокот од Осумдесет и втората седница на Владата, одржана на 31.07.2018 година (44-7506/1), со кој Владата формира работна група составена од претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Општина Тетово, со цел да предложат решение за расчистување на депонијата во Тетово, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да спроведе постапка согласно Законот за јавни набавки, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за депонирање на отпад од КП 118, 119 и 120 КО Фалиш, Тетово, а во насока на непречена реализација на ИПА проектот за изградба на постројка за пречистување на комунални отпадни води.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за формирање на меѓуресорска работна група која ќе предложи модел за реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија со план за негово воспоставување, во предложениот текст.

**4.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври“ - Ден на народното востание ја разгледа Агендата на активности и предлози од организациониот одбор и ги донесе следните заклучоци:

1) Владата на Република Македонија да ја преземе организацијата на Централната активност на 11.10.2018 година, од 9 до 10 часот, односно едночасовен настан со положување цвеќе пред споменикот на Ослободителите на Скопје, до зградата на Владата на Република Македонија, каде се предвидени кратки обраќања на претставник од Сојузот на борците на Република Македонија и м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана.

Владината делегација да биде во состав: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и д-р Рената Дескоска, министер за правда.

2) Се препорачува на Општина Прилеп да организира положување на свежо цвеќе во Прилеп на споменикот на Методија Андонов Ченто, споменикот на Кузман Јосифовски Питу и Могилата на непобедените.

Владината делегација да биде во состав: д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со

економските ресори, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

3) Се препорачува на Општина Куманово да организира положување свежо цвеќе на Спомен - костурницата во Куманово.

Владината делегација да биде во состав: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата да ја преземе целокупната организација на централната активност на празникот (вклучувајќи детална агенда, координација помеѓу сите вклучени страни, испраќање на покани, информирање на јавноста и слично).

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбедат логистичка поддршка и потребни финансиски средства кои произлегуваат од планот за организација на активностите за државниот празник „11 Октомври“ - Ден на народното востание.

6) Се препорачува на ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје да ја исчисти локацијата планирана за положување цвеќе, (споменикот на Ослободителите на Скопје), ден пред свеченоста, односно на 10.10.2018 година.

7) Се задолжува Министерството за култура да го информира Одборот и јавноста за планираното свечено доделување награди во Собранието на Република Македонија.

8) Се препорачува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја за централната активност пред споменикот на Ослободителите на Скопје, на 11.10.2018 година, со времетраење од 9 до 11 часот.

9) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно прославување на планираната свеченост на 11.10.2018 година.

10. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија да го обезбеди воениот оркестар, гардисти и опрема за положување свежо цвеќе пред споменикот на Ослободителите на Скопје и Спомен - костурницата во Куманово.

**5.** Во врска со Предлог-законот за изменување на Законот за наставници во основните и средните училишта и Предлог-законот за изменување на Законот за Академијата за наставници, утврдени на 85-та седница на Владата, одржана на 29.8.2018 година и доставени до Собранието на Република Македонија, Владата заклучи:

- покрај веќе определениот претставник на Владата на Република Македонија во Собранието по овие Предлог-закони, се определува и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука.

**6.** Владата заклучи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да подготви и до Владата да достави соодветни измени на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во насока во членот 26 да се предвиди и заменик на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**7.** Владата по повод Информацијата за состојбите во врска со потребата за дислоцирање на експлозивен и опасен материјал на безбедна локација со предлози за донесување на соодветна сопственичка исправа и заклучоци и Предлог-мерки за постапување на други надлежни органи, доставена од Дирекцијата за заштита и спасување под бр. 02-2838/1 од 28.9.2017 година, разгледана и усвоена со заклучоци на Триесет и првата седница на Владата, одржана на 10.10.2017 година (точка 16, под.бр 44-6236/1), како и врз основа на Известувањето доставено од Макпетрол А.Д.-Скопје бр.0306-4010/1 од 12.9.2017 година до Владата на Република Македонија и до Државното правобранителство на Република Македонија, заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да спроведе постапка согласно Законот за јавни набавки, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за дислоцирање и уништување на експлозивниот и опасен материјал од локацијата ул. „Новоселски пат“ бб Скопје (Макпетрол - Темко АД - Скопје), на безбедна локација.

**8.** Имајќи предвид дека Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија Владата заклучи:

- Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија, добиените (примени) пресуди, во рок од два часа по нивното примање, освен по пошта, да ги доставува и по електронска пошта и преку лична достава до засегнатата институција и до кабинетот на функционерот кој раководи со институцијата, со цел запазување на роковите за навремено поднесување на жалби по пресудите.

**9.** Владата го задолжи Асаф Адеми, министер за култура да преземе мерки за овозможување нормални услови за да почне да функционира Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“ - Скопје.

**10.** Владата заклучи Министерството за транспорт и врски и Управата за имотно правни работи да ги преземат сите потребни мерки и активности во врска со престанок на користењето на градежното земјиште кое со Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/18) е доделено на Министерството за образование и наука на трајно користење.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање на изградбата на парк на ветерни електрани Миравци, со инсталирана моќност од 14 MW, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП „Стрежево"- Битола, во периодот од 1.4.2018 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање, со укажување да се имаат предвид негативните мислења на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање (со препорака да се преземаат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските кои се настанати во изминатиот период, како и подобрување на наплатата на побарувањата).

**Точка 72**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат" - Скопје, за период од 1.4 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на Јавното претпријатие „Македонијапат" - Скопје да преземе активности со цел да го намали негативното финансиско салдо.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на ЈП за берзанско работење „Агро-Берза" Скопје за период јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува ЈП за берзанско работење „Агро-Берза" Скопје на следната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да достави Предлог за системско решавање на проблемот во нејзиното функционирање и истиот да се разгледа во присуство на министерот за финансии и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на ЈП за берзанско работење „Агро Берза" Скопје, за периодот април - јуни 2018 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за работата на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период од 1.1.2018 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за економија и

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-уредба за начинот на чување на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата" - сите пет циклуси на посети на компании, со прилог, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Република Македонија во однос на последиците од БРЕГЗИТ со фокус на трговските и економските односи, на билатерално и мултилатерално ниво и на ниво на Европска Унија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Владата го определи Министерството за надворешни работи за координатор на сите аспекти поврзани со процесот на БРЕГЗИТ.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинска управа и Секретаријатот за европски прашања, да формираат Меѓуресорско тело што ќе го следи процесот БРЕГЗИТ, да номинираат по двајца претставници до 12.10.2018 година, кои ќе учествуваат во активностите на телото и предлозите да ги достават до Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Министерството за економија во координација со Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинска управа и Секретаријатот за европски прашања, по спроведени потребни анализи и направени дополнителни консултации - да го дефинира начинот на реакција до Европската Унија во Светската трговска организација, најдоцна до 20.10.2018 година.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје Јасен - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за барање одобрение од Владата на Република Македонија за промена на динамиката на реализација и/или плаќање на обврските од склучените договори за вршење стручно-технички надзор при изведба на градежни работи за рехабилитација на 13 (тринаесет) училишта во Република Македонија за Дел 1, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 по оглас за јавна набавка бр. 40/2017, ја усвои Информацијата и даде одобрение за промена на динамиката на реализација и/или плаќање на обврските од склучените договори со ДПГТУ Диви Македонија ДОО Скопје за вршење на стручно технички надзор при изведба на градежни работи за рехабилитација на 13 (тринаесет) училишта во Република Македонија, за Дел I: ОУ Браќа Миладиновци Пробиштип со наш арх.бр. 10-28/18 од 13.04.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1946 од 13.4.2018 година, Дел IV: ОУ Крсте П.Мисирков Оризари со наш арх.бр. 10-28/21 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1947 од 13.04.2018 година, Дел V: ОУ Лазо Ангеловски Скопје со наш арх.бр. 10-28/22 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1948 од 13.4.2018 година, Дел VI: ОУ Васил Главинов Чаир со наш арх.бр. 10-28/23 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1949 од 13.4.2018 година, Дел VII: ОУ Бајрам Шабани с.Кондово со наш арх.бр. 10-28/24 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1950 од 13.4.2018 година, Дел VIII: ОУ Перпарими с.Чегране со наш арх.бр. 10-28/25 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1951 од 13.4.2018 година, Дел IX: ОУ Панајот Гиновски Бутел со наш арх.бр. 10-28/26 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1952 од 13.4.2018 година, Дел X: ОУ Наум Н.Борче Маџари со наш арх.бр. 10-28/27 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1953 од 13.4.2018 година, Дел XI: ОУ Кузман Шапкарев Драчево со наш арх.бр. 10-28/28 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1954 од 13.4.2018 година, Дел XII: ОУ Никола Карев Пробиштип со наш арх.бр. 10-28/29 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1955 од 13.4.2018 година, Дел XIII: ОУ Јероним Де Рада - Черкезе со наш арх.бр. 10-28/30 од 13.4.2018 година и арх.бр. на давателот на услугите 3098/121.0/1956 од 13.4.2018 година и продолжување на времетраењето на договорите за 10 месеци.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Пелагонија“ - Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Скопје“ - Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за државните награди и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за млади и спорт, во рок од 20 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди, со кој ќе се востанови нова државна награда за унапредување на човековите права која ќе го носи името на Мето Јовановски, а во насока на подобрување на постојниот текст на Законот за државните награди ќе се извршат измени и во останатите одредби од Законот.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за млади и спорт, во рок од пет дена до Министерството за култура да номинираат лица за Работна група за подготовка на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди.

3. Се задолжува Министерството за култура финансиските средства потребни за реализирање на активностите да ги обезбеди од сопствениот буџет.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на културно - образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да ги префрли остатокот од обезбедените средства во буџетот за 2018 година во износ од 65.434.304,00 денари на НУ Центар за култура „Иљо Антески Смок“ -Тетово, со цел исплата на извршените градежни работи за изградба на културно - образовниот центар во Тетово, со нов театар и библиотека.

2. Се задолжува Министерството за култура да преземе мерки и активности за утврдување на законитоста во постапките за доделување на договорите за изградба на објектот и за истото да ја информира Владата.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 312, 315, 316 и 317 на река Врановска и река Тополка на Концесионерот МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје и ја усвои со заклучок:

- се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за

локациите со реден број 312, 315, 316 и 317 на река Врановска и река Тополка со Концесионерот МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 20.3.2021 година.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен, согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**